**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-377

03.09 **2014 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, емитуван во периодот од 4 до 10 август 2014 година бр.10-4389/2 од 02.09.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на обврската за процентуална распределба на емитуваната музика, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 03.09.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, заради извршена повреда на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), односно поради непочитување на обврската за процентуална распределба на емитуваната музика, односно не почитување на обврската да емитува 50% забавна инструментална, вокална и/или вокално – инструментална музика и 50% народна инструментална, вокална и/или вокално – инструментална музика

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, емитуван во периодот од 4 до 10 август 2014 година бр.10-4389/2 од 02.09.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на

одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, во периодот од 4 до 10 август 2014 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, во неделата од 4 до 10 август 2014 година, радиодифузерот не ја почитуваше обврската за процентуална распределба на емитуваната музика, односно не ја почитуваше обврската да емитува 50% забавна инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика, и 50% народна инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, емитуван во периодот од 4 до 10 август 2014 година бр.10-4389/2 од 02.09.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, емитуван во периодот од 4 до 10 август 2014 година бр.10-4389/2 од 02.09.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**В.д. Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, емитуван во периодот од 4 до 10 август 2014 година бр.10-4389/2 од 02.09.2014 година

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 02.09.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4389/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ

## од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, емитуван во периодот од 4 до 10 август 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беше почитувањето на:

- **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од 4 до 10 август 2014 година, е констатирано дека програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик - во анализираната недела емитуваше 8 часа 12 минути и 14 секунди;
- Не ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 5 часа 54 минути и 20 секунди, а забавната музика со 2 часа 17 минути и 54 секунди;
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 7:00 до 19:00 часот, односно обемот на емитуваната музика е во рамките на дозволеното отстапување од 5% во однос на поделбата на забавната и народната музика. Во неделата кога е извршен надзорот, во периодот од 07.00 до 19.00 часот, емитуваше 3 часа 10 минути и 20 секунди народна инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика и 1 час 51 минута и 1 секунда забавна вокална/вокално-инструментална музика на македонски јазик.

*<u>Опис на прекршувањето:</u>*

**Спротивно на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци, во неделата од 4 до 10 август 2014 година, не ја почитуваше обврската за процентуална распределба на емитуваната музика, односно да емитува 50% забавна инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика, и 50% народна инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*02.09.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

<u>Предлог на мерка:</u>

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), <u>да се изврши контролен надзор</u>, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).